# Остава на монети од археолошкиот локалитет Баргала I

Билјана Јовановска
*Републички завод за заштита на спомениците на културата - Скопје*
Трајче Нацев
*Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Штип*

Доцноантичкиот ранохристијански град Баргала е лоциран на месноста Градот, 2, 5 км. јужно од селото Долен Козјак, во подножјето на Плачковица, на десниот брег од Козјачка река.

Просторот што го зафаќа Градот е во должина од 290 м., широчина од 150 м. во јужниот и 190 м. во северниот дел, така што целокупната површина на Градот Баргала изнесува 4,8 хектари.

Самиот терен се карактеризира со отвореност, прегледност и лесна пристапност од сите страни. Ваквата карактеристика на градот нѝ дава за право да размислуваме, дека одбраната на овој локалитет била отежната. Заради тоа по долината на западниот бедем од тврдината вештачки бил изведен одбрамбен ров, а не е исклучена можноста вакви одбрамбени ровови да биле изведени и по целата фортификација. Археолошкиот локалитет Баргала е истражуван повеќе пати. Меѓу позначајните истражувања го споменуваме истражувањето вршено од страна на д-р Блага Алексова во 1966-1971 година[1], при што е откриена Епископската базилика, градската цистерна и стамбениот комплекс.

Во текот на февруари и март 2000 година стручна екипа од Заводот и Музеј –Штип[2] изведуваше конзерваторско –реставраторски работи на источниот крак од северниот бедем на археолошкиот локалитет Баргала. Притоа беа изведени и конзерваторско-археолошки истражувања на просторот покрај јужната фасада на источниот крак, во непосредна близина на објектите за живеење Кв. Б1. Овие истражувања беа вршени со цел да се ослободи јужната фасада од градежниот шут и земјата, за да може да изведат предвидените конзерваторско-реставраторски работи на споменатата позиција.

По завршувањето со истражување на овој простор се констатирани две простории, како и ходник за комуникација поделен на два дела. Во првиот дел од ходникот се констатирани три скали, кои водат од овој простор кон тремот за живеење. Пред самите скали во текот на истражувањето на овој простор е откриена фрагментирана керамика од големи садови и остава на монети, што е предмет на овој труд. Монетите се со различен степен на сочуваност, поради фактот, што при откривањето на оставата е констатирано спалување на целиот споменат простор. Сите откриени монети се во многу тешка состојба, односно опожарени [3], при што е забележителен големиот степен на оштетеност на аверсот - 85% и 70% на реверсот од вкупната маса на монети.

Во составот на оставата се застапени монетите ковани во времето на Анастасиј I, Јустинијан I, Јустин II, Тибериј II, Константин и Маврикиј:

| | | Константинопол | | Никомедија | Кизик | Тесалоника | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Император | Датум | 20 нумии | 40 нумии | 40 нумии | 40 нумии | 20 нумии | 40 нумии | Вкупно |
| Анастасиј I | (491-518) | 512-17/8 | | | | | | 1 |
| Јустинијан | 539/40 | | 1 | | | | | |
| I | 540/41 | | 1 | | | | | |
| (527-565) | 545/46 | | 1 | | | | | 3 |
| | 569/70 | | | 1 | | | | |
| | 571/72 | 1 | | | | | | |
| | 574/75 | | | | 1 | | | |
| Јустин II | 565/66 | | | | | 1 | | |
| (565-578) | 566/67 | | | | | 1 | | |
| | 575/76 | | | | | 1 | | |
| | 577/78 | | | | | 1 | | |
| | 568/69 | | | | | 1 | | |
| | 569/70 | 1 | | | | | | 9 |
| Тибериј II | (578-582) | 578/79 | | | | 9 | | 9 |
| Маврикиј | 584/85 | | | | | 3 | | |
| (582-602) | 601-602 | | | | | 1 | | 4 |
| ? | ? | | | | | 1 ? | | 1 |
| Вкупно | | 6 | | 1 | 1 | 19 | | 27 |

Голем дел од монетите во оставата, односно 33%, му припаѓа на Јустин II, од кои: 3 фолиси ковани во ковачницата во Константинопол, Кизик и Никомедија, 5 полуфолиси ковани во ковачницата во Тесалоника и еден полуфолис кован во ковачницата во Константинопол. Со истиот процент Исто така се застапени и монетите на Тибериј II Константин, односно 9 полуфолиси ковани во ковачницата во Тесалоника. Анастасиј I е застапен со 1 фолис кован во Константинопол. Јустинијан I е застапен со 3 фолиси или со 11% од вкупната маса на монети, ковани во Константинопол. Маврикиј е застапен со четири полуфолиси, односно со 14% од вкупната маса монети, ковани во ковачницата во Тесалоника. Покрај овие 27 монети откриени на локалитетот, во состав на оставата има и неколку фрагменти, кои се распаднаа поради оштетеноста при вадењето од местото на наодот. Тоа го објаснува и недостатокот на монети од времето на Јустин I.

Во 1968 година на археолошкиот локалитет Баргала, јужно од Базиликата била откриена остава со 283 монети, од кои 13 златни, 270 бронзени и еден златен прстен. Оставата треба да припаѓа во временските рамки од 498 до 585 година [4].

Табеларниот приказ на досега откриените монети изгледа вака:

| Император | Датум | Константинопол | | | | Никомедија | | Кизик | | Ant | Tes | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | sol | tre | 40 | 20 | 40 | 20 | 40 | 20 | 40 | 20 | |
| Анастазиј I | 498-518 | | | 2 | | | | | | | | |
| (498-518) | 512-17/8 | | | | 1 | | | | | | | |
| Вкупно: | | | | 2 | 1 | | | | | | | 3 |
| Јустин I | 518-527 | | | 4 | 1 | 1 | | | | | | |
| (518-527) | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно: | | | | 4 | 1 | 1 | | | | | | 6 |
| Јустинијан | 527-38 | | | 3 | | | | | | | | |
| I | 538-39 | | | 1 | | 1 | | | | | | |
| (527-565) | 539/40 | | | 4 | | 1 | | | | | | |
| | 540-41 | | | 2 | | 1 | | | | | | |
| | 542-43 | | | | 1 | | | | | | | |
| | 544-45 | | | 2 | | | | | | | | |
| | 545-46 | | | 1 | | 1 | | 1 | | | | |
| | 546-47 | | | | | | | | 1 | | | |
| | 547-48 | | | | | | | | | 1 | | |
| | 548-49 | | | | | | | 1 | | | | |
| | 550-51 | | | | | | | 1 | | | | |
| | 552-53 | | | | | | | 1 | | | | |
| | 554-55 | | | | | | | | | 1 | | |
| | 555-56 | | | 1 | | | | | | 1 | | |
| | 557-58 | | | | | | 2 | | | 1 | | |
| | 562-63 | | | | | | | | | 1 | | |
| | 563-64 | | | | | | | | | | 1 | |
| Вкупно: | | | | 14 | 1 | 4 | 2 | 4 | 1 | 5 | 1 | 32 |
| Јустин II | | 2 | 5 | | | | | | | | | |
| (565-578) | 565-66 | | | | | | | | | | 2 | |
| | 565-66 ? | | | | | | | | | | 6 | |
| | 566-67 | | | 1 | | | | | | | 5 | |
| | 566-67 ? | | | | | | | | | | 8 | |
| | 567-68 | | | 1 | | | | 1 | | | 3 | |
| | 567-68 ? | | | | | | | | | | 4 | |
| | 568-69 | | | | | | | | | | 4 | |
| | 568-69 ? | | | | | | | | | | 1 | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 569-70 | | | 2 | 2 | 1 | | | | | 5 | |
| | 569-70 ? | | | | | | | | | | 2 | |
| | 570-71 | | | | | 3 | | | | | 1 | |
| | 571-72 | | | 1 | | 2 | | | | | | |
| | 572-73 | | | | | | 1 | | 1 | | 6 | |
| | 573-74 | | | | | 2 | | | 1 | | 3 | |
| | 574-75 | | | 1 | | | | 2 | 1 | 2 | 2 | |
| | 575-76 | | | 2 | | | | | | | 8 | |
| | 576-77 | | | | | | | | | | 1 | |
| | 577-78 | | | | | | | | | | 7 | |
| | ? | | | | | | | | | | 2 | |
| | ? | | | | | | | | | | 4 ? | |
| Вкупно: | | 2 | 5 | 8 | 2 | 8 | 1 | 3 | 3 | 2 | 74 | 108 |
| Тибериј II | | | 6 | | | | | | | | | |
| (578-582) | 578-79 | | | | | | | | | | 9 | |
| | 579 | | | 1 | | | | | | | 31 | |
| | 579-80 | | | | | | | | | | 4 | |
| | 580-81 | | | | | | | | | | 12 | |
| | 581-82 | | | | | | | | | | 6 | |
| Вкупно: | | | 6 | 1 | | | | | | | 62 | 69 |
| Маврикиј | 582-83 | | | | | | | | | | 5 | |
| (582-602) | 583-84 | | | | | | | | | | 23 | |
| | 583-84 ? | | | | | | | | | | 2 | |
| | 584-85 | | | | | | | | | | 13 | |
| | 601-602 | | | | | | | | | | 1 | |
| | ? | | | | | | | | | | 2 | |
| Вкупно: | | | | | | | | | | | 46 | 46 |
| Вкупно: | | 2 | 11 | 29 | 5 | 13 | 3 | 7 | 4 | 7 | 183 | 264 |

Врз основа на новооткриената остава, поточно со монетата на Маврикиј, датирана во 601-602 г. н.е. (Т II, бр. 26), констатираме дека животот на градот Баргала продолжува и во првата деценија од VII век н.е.

## Референца:

W. Hahn, *Moneta Imperii Byzantini*, Von Anastasius I bis Justinianus I. (491-565) I, Wien 1973 (скратено: *MIB* 1);

W. Hahn, *Moneta Imperii Byzantini*, Von Justinus II bis Phocas. (565-610) II, Wien 1975 (скратено: *MIB* 2).

# Белешки:

[1] Б. Алексова, Епископијата на Брегалница, Прилеп 1989.
[2] Конзерваторско-реставраторските работи се изведени под раководство на Т. Нацев.
[3] Овој простор го користиме за да му се заблагодариме на д-р Пере Тошев за извршената конзервација на монетите.
[4] Б. Алексова, op. cit., 65-67.